# Лекција 26

## Не плашете се!

**Мразокршач[1]:**

Дали некогаш Господ ви кажал да направите нешто што ви било тешко да го послушате? Ако одговорот е да, опишете го настанот.

**Вовед:**

Кога Исус нахранил 5000 мажи со само две риби и пет векни леб, луѓето биле вчудовидени. Тие сакале да Го постават за цар. Знаејќи го тоа, Исус веднаш им рекол на учениците да влезат во бротче и да се вратат во Бетсаида[2], додека тој отишол на планината да се моли.

Од местото каде што стоел на ридот, Исус можел да ги види учениците во далечина како се борат да веслаат спроти ветрот[3]. Па така за време на четвртата стража[4] во ноќта, Тој дошол до нив одејќи по вода[5].

**Читање од Словото:**

**Исус оди по водата**
**Матеј 14:24-33, Марко 6:47-52 и Јован 6:17-21**

**(Подолу дадениот текст е збир од текстовите од евангелијата на Матеј, Марко и Јован, составен во една целина)**

Коработ веќе беше многу **далеку[6]** од брегот и го удираа брановите, зашто ветрот беше спротивен. И кога ги виде како се мачат веслајќи, зашто ветрот им доаѓаше отспротива, околу **четвртата ноќна стража**, дојде до нив одејќи по морето, со намера да ги одмине. А тие, кога Го видоа како оди по морето, помислија дека е привидение и извикаа, зашто сите Го видоа и се исплашија. Но, Тој веднаш им проговори, велејќи: „Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се!“ А Петар Му одговори и рече: „Господи, ако си Ти, заповедај да дојдам кај Тебе по водава.“ Овој му рече: „Дојди!“ Петар слезе од коработ и тргна по водата кон Исус. Но кога го виде силниот ветар, се исплаши, почна да тоне и извика, велејќи: „Господи, спаси ме!“ А Исус веднаш ја испружи раката, го фати и му рече: „Маловернику, зошто се посомнева?“ И кога влегоа во коработ, ветрот престана. Тие се вчудовидоа, зашто не го сфатија ни чудото со лебовите, бидејќи срцето им беше закоравено. А оние што беа во коработ, дојдоа и Му се поклонија, велејќи: „Навистина, Ти си Божјиот Син.“

---

[1] **Мразокршач** е прашање кое поттикнува разговор или дискусија.
[2] Бетсаида или „Куќа на рибари“ бил град на околу 5 километри од Капернаум на североисточниот брег на Галилејското езеро, таму каде што реката Јордан се влева во неа. Бетсаида бил градот во кој живееле Андреј, Петар и Филип.
[3] Различни ветрови дувале над езерото во различно време од годината. Во лето, попладневниот западен ветар (Гарбиех) разладува од летната горештина, но не предизвикува бура. Во зима и на пролет дува источниот ветар (Шаркиах) кој предизвикува ненадејни опасни бури. Изгледа дека вистинското време за кое пишува Јован 6:4 било доцен Март, и пишува дека се наближувала Еврејската Пасха. Таа година се паѓала на почеток на Април.
[4] Меѓу 3:00 и 6:00 часот.
[5] Според апостол Јован, тие пловеле околу 25 до 30 стадии, пред Исус да дојде до нив одејќи по водата. Стадија е мерка за должина еднаква на 185 метри, па според тоа далечината била околу 5 километри.
[6] **Далеку (Стадија):** Стадија е мерка за должина еднаква на 185 метри. Според апостол Јован, тие пловеле околу 25 до 30 стадии (околу 5 километри), пред Исус да дојде до нив одејќи по водата.

**<u>Дискусија во група</u>:**

1. Да бевте во бродот со учениците, што ќе помислевте кога ќе го видевте Исус како оди по водата?
2. Зошто мислите дека Исус сакал да ги одмине?

**<u>Заповедта</u>:**

1. Јас Сум! Не плашете се!

**<u>Лекцијата</u>:**

Неколку лекции можат да се научат од настаните во оваа случка. Основаната поука е дека ако сме послушноста кон она што Исус го вели и ако соодветното постапуваме, тогаш Тој ќе обезбеди сè што ни е потребно за да го исполниме она што Тој го очекува од нас. Ајде да ја разгледаме случката поподробно.

Сè започнало кога Исус на учениците им рекол да влезат во бротчето и пред Него да одат во Бетсаида, од другата страна на езерото. Тие веднаш го послушале и продолжиле по патот иако ветровите и брановите им ја отежнале пловидбата. Исус од високо место го следел нивниот напредок. Тој ги видел борбите кои ги воделе, затоа што биле послушни на Неговата заповед, исто како што ги гледа и нашите. Затоа што имал сочувство кон нив, Тој решил да оди по езерото за да ги охрабри среде нивната борба.

Таа вечер било мрачно[7] на езерото, па Исус поминувал доволно блиску до нив за да Го забележат. Чудото на одење по вода било за да ги увери. Со други зборови, како да им велел: „Момци, слободно продолжете, ќе се видиме во Бетсаида, како што се договоривме.“ Преку оваа необична средба учениците требало да разберат дека Исус бил свесен за нивните проблеми, но очекувал тие да стигнат на другата страна на езерото и покрај препреките.

Но исходот бил изненадувачки различен. Учениците биле преплашени од Неговото неочекувано појавување, и мислеле дека виделе дух. Според Словото, овој страв се појавил затоа што тие заборавиле на чудото со лебот, и нивните срца закоравиле. Учениците, како и многумина од нас, заборавaме дека Исус, за да ги подржи Своите, прави натприродни нешта.

**<u>Дискусија во група</u>:**

3. Каква би била вашата реакција ако го видите Исус како оди по водата?
4. Дали Господ направил некакви чуда во вашиот живот?
5. Ако направил, раскажете ни кои биле тие и каква била вашата реакција?

**<u>Лекцијата - продолжение:</u>**

[7] Се приближувала Пасха, која била на средина на месецот или на полна месечина. Тие поминувале преку езерото некаде на почетокот на месецот, со слаба или никаква светлина од месечината. Бурата уште повеќе им ја отежнала состојбата.

Додека ја разгледуваме случката во целина, можеме да видиме дека таа го претставува она што денес се случува во животот на христијаните. На среде борбите Исус сака да се потсетиме на Неговата заповед: *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се“*.

- На почетокот на случката Исус им наложува на учениците пред Него да преминат на другата страна на езерото, каде Тој ќе ги сретне.
  - На христијаните им е наложено евангелието да го проповедаат на секого и кога тоа ќе се случи, Тој ќе се врати и ќе нè сретне во воздухот.
    - *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*
- Откако Исус заминал, Тој отишол на високо место.
  - Откако Исус воскреснал, Тој отишол на небо.
    - *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*
- Исус се моли на планината.
  - Исус, нашиот Првосвештеник живее за да се застапува за нас.
    - *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*
- Исус видел дека учениците се борат за да напредуваат и покрај спротивниот ветар.
  - Тој ја гледа нашата борба да ја извршиме Неговата волја во светот кој Му се противи на Бог.
    - *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*
- Тој на чудесен начин дошол до учениците за да ги охрабри.
  - Тој доаѓа до нас на чудесни начини за да нè охрабри.
    - *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*
- Учениците биле уплашени кога го виделе натприродното.
  - Христијаните се плашат кога ќе го видат натприродното.

  *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*
- Учениците не биле сигурни за натприродната појава. Дали тоа е Исус?
  - И христијаните се прашуваат во однос на натприродните појави. Дали тоа навистина е Исус?
    - *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*
- Петар Го прашал Исуса дали смее да Му се придружи во чудото.
  - Некои христијани сакаат да учествуваат во чудата кои Исус ги прави.
    - *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*
- Останатите ученици останале во бротчето.
  - Некои христијани не сакаат да учествуваат во натприродното.
    - *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*
- Преку вера Петар го послушал Исус и излегол од бротчето.
  - Преку вера христијаните Му се послушни на Исус и учествуваат во натприродното.
    - *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*
- Петар го одвоил погледот од Исус и брановите му го одвлекле вниманието.
  - Христијаните го одвојуваат погледот од Исус и околностите околу нив им го одвлекуваат вниманието.
    - *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*
- Кога Петар западнал во неволја, тој повикал кон Исус за да го спаси и бил избавен.

- Христијаните повикуваат кон Исус и Тој ги избавува.
    - *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*

- Исус му рекол на Петар: *„Маловернику, зошто се посомнева?“*
    - Исус им вели на христијаните: *„Маловерни, зошто се сомневате?“*
        - *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*

- Кога Исус влегол во бротчето, ветрот се смирил.
    - На христијаните им е полесно да ја достигнат целта кога Исус е заедно со нив.
        - *„Бидете храбри! Јас Сум! Не плашете се.“*

**Дискусија во група:**

6. Откако Петар одел по водата, зошто Исус го нарекол „Маловерник“?
7. Која би била уште поголема вера?
8. Зошто имало сомнеж?
9. Зошто се плашите?

**Целта на лекцијата:**

Исус се грижи за вас и ќе ви помогне.

**Примена:**

Запомнете, во Словото има **365** „не плаши се“, доволно за секој ден од годината. Користете ги секој ден!